**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

**за активните програми и мерки за вработување за 2009 година**

**Скопје, јули 2009 година**

## СОДРЖИНА


**И. ВОВЕД**

**ИИ. ПРОГРАМИ ЗА АКТИВНИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Програма за самовработување на :
   1.1 млади до 27 години
   1.2 жени
   1.3 лица кои се долгорочно невработени

2. Програма за формализирање на постојни бизниси

3. Програма за подготовка за вработување
   3.1 Обука, преквалификација или доквалификација за познат работодавач
   3.2 Обуки во работните клубови за стекнување на знаења и вештини (странски јазик и компјутери)
   3.3 Обука за одделни занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот
   3.4.1 Едукација за започнување на бизнис.
   3.4.2 Едукација за започнување на бизнис во општина Гази баба

4. Програма за субвенционирање на вработување
   4.1 Субвенционирање на вработување на деца без родители
   4.2 Субвенционирање на вработување на инвалидни лица
   4.3 Субвенционирање на вработување на самохрани родители, самохрани родители со 3 или повеќе деца, млади самохрани родители до 27 годишна возраст, брачни парови со 3 или повеќе деца и родители на деца со посебни потреби
   4.4 Субвенционирање на вработување на постари лица (од 55 до 64 години)
   4.5 Субвенционирање на вработување на млади лица до 27 годишна возраст и невработени лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок и жртви на семејно насилство

5. Програма за организирање на јавни работи
6. Програма за практиканство како поддршка за прво вработување на млади лица до 27 години и млади лица кои се во завршна фаза на студии
7. Пилот анкета за слободни работни места
8. Економско јакнење на жени-жртви на семејно насилство
9. Програма за поддршка за вработување на Роми

**ИИИ. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНКА НА ПРОГРАМИТЕ**

**ИВ. ПРОМОЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ**

**В. ФИНАНСИСКА РАМКА**

**ВИ. АНЕКСИ**

## И. ВОВЕД

Политиките и стратегијата за вработување на Владата на Република Македонија и планираните активности за вработување и ублажување на невработеноста се утврдени во повеќе документи, и тоа: *Програма на Владата на Република Македонија 2008-2012 год, Националната стратегија за вработување 2010, Национален акциски план за вработување* 2009-2010 (НАПВ), *Оперативен план на Владата за активни програми и мерки за вработување за 2009 година, Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008-2015- и Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013*, подготвена во согласност со компонентата 4 од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА).

Во Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2008-2012 утврдени се макроекономски, макроекономски и политики за вработување. Во истата се утврдени и целите и различните видови на мерки за остварување на утврдените цели во Националната стратегија за вработување до 2010 година за зголемување на стапката на вработеност, зголемување на стапката на вработеност на жените и постарите лица. Во Програмата, исто така, се утврдени и активните програми и мерки за вработување од различни целни групи, кои ќе бидат опфатени со имплементација на годишните оперативни програми и мерки.

Заради успешно спроведување на програмите/мерките за вработување предвидени со **Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2008-2012** година, во Оперативниот план за 2009 година дефинирани се видот на програмите и активните мерки за вработување, целните групи, потребните средства и изворите на средствата, како и конкретни активности и рокови за субјектите надлежни за имплементација на истите.

Целта на изготвување на овој оперативен план е да се обезбеди навремено и успешно спроведување на предвидените активни програми/мерки за вработување за 2009 година. Имено, успешната реализација на активните програми/мерки за вработување ќе зависи од точно утврдените активности на секој субјект, со точно утврдени рокови за спроведување на предвидените активности. Исто така, Оперативниот план ќе придонесе за поуспешна координација помеѓу инволвираните субјекти за спроведување на овие мерки.

Оперативниот план ќе биде раководен од **национален директор-министерот за труд и социјална политика**. Националниот директор треба да ги дефинира приоритетите при реализирање на Оперативниот план, како и насоките за следење и оценка на истиот.

Оперативниот план ќе биде координиран од **национален координатор - директорот на Агенцијата за вработување на Република Македонија,** како главен партнер за имплементирање на Оперативниот план.

За успешно следење на Оперативниот план, ќе се формира **Надзорен одбор** со кој ќе управува националниот директор. Во работењето на Надзорниот одбор освен националниот директор и координаторот, ќе членуваат и претставници од МТСП, АВРМ, МОН, ЗЕЛС, АППРМ, УНДП , а по потреба ќе бидат повикувани претставници и од останати органи и институции .

**Одговорни субјекти за имплементација на Оперативниот план се:**

- Министерството за труд и социјална политика (МТСП)
- Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ)
- Министерството за образование и наука (МОН)
- Министерството за здравство
- Министерството за внатрешни работи
- Министерството за локална самоуправа (МЛС)
- Министерството за економија (МЕ)
- Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО)
- Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија (АППРМ)
- Заедница на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС )
- Централниот регистар на Република Македонија (ЦР)
- Занаетчиската комора на Град Скопје
- Центрите за социјални работи (ЦСР)
- Единиците на локална самоуправа
- Високообразовни институции
- УНДП
- УСАИД
- Ромски информативни центри ( РИЦ )

## ИИ. АКТИВНИ ПРОГРАМИ/МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2009 ГОДИНА

Секоја програма и  мерка од овој оперативен план содржи:

- цел на програмата /мерката
- краток опис
- целна група
- опфат на корисници
- потребни средства (Анекс 2)
- извори на средства
- надлежни институции за имплементација
- услови и критериуми
- планирани активности и период на реализација (Анекс 1)

Доколку во текот на реализацијата на одделна програма /мерка не се пријават доволен број на апликанти или не се изготват доволен број на квалитетни бизнис планови, за секоја програма и мерка може да се повторат предвидените активности, утврдени со овој оперативен план, со истата постапка за избор.

Во текот на реализацијата, средствата обезбедени за соодветната програма, односно мерка, можат да се пренасочат за друг вид на програма/мерка, односно мерка од овој оперативен план врз основа на заклучок на Владата на Република Македонија..

Во текот на имплементацијата на овој оперативен план, опфатот на лицата од соодветните целни групи и утврдените активни мерки, може да се прошири во рамките на обезбедените средства, новообезбедени средства, како и други домашни и меѓународни извори на средства наменети за активни мерки за вработување, утврдени во овој план врз основа на согледувања и анализи на МТСП , АВРМ и останати надлежни институции и органи.
Детален приказ на планираните активности, институции и рокови за реализација на секоја програма / мерка е даден во Анекс 1, а потребните финансиски средства во Анекс 2.

## 1. ПРОГРАМА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на програмата е намалување на сиромаштијата и невработеноста преку започнување на нови бизниси. Непосредна цел е да се создадат 600 самовработувања/ семејни бизниси |
| **Краток опис** | Програмата ќе се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на солидни и одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и субвенција за започнување на бизнисот<br>Со оваа програма ќе се опфатат нови категории на апликанти со поголемо фокусирање на ефикасноста на поддршката во промовирањето на претприемништвото |

**Програмата за самовработување ќе се реализира преку следниве мерки:**

1.1 Самовработување на млади невработени лица до 27 годишна возраст, евидентирани во АВРМ повеќе од шест месеци;

1.2 Самовработување на невработени жени, евидентирани во АВРМ повеќе од една година;

1.3 Самовработување на долгорочно невработени лица, евидентирани во АВРМ повеќе од една година;

| | |
|---|---|
| **Целни групи** | 1.1 250 млади невработени лица до 27 години, евидентирани во АВРМ повеќе од шест месеци;<br>1.2 150 невработени жени, евидентирани во АВРМ повеќе од една година;<br>1.3 200 долгорочно невработени лица, евидентирани во АВРМ повеќе од една година; |
| **Опфат на корисници** | 600 евидентирани невработени лица |
| **Потребни средства** | 127.540.300,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на МТСП |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП<br>АВРМ<br>УНДП<br>ЦР<br>АППРМ |

**Услови и критериуми за целната група**

- Млади невработени лица до 27 годишна возраст, евидентирани во АВРМ повеќе од шест месеци ;
- Невработени жени, евидентирани во АВРМ повеќе од една година. При селекцијата на лицата од оваа мерка, приоритет ќе имаат жените од етничките заедници;
- Долгорочно невработени лица, евидентирани во центарот за вработување повеќе од една година;

За реализација на секое самовработување се предвидува поддршка со неповратни средства во висина на 201,897.00 денари, од кои 185,000.00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и репроматеријали, додека останатите 16,897.00 денари служат за поддршка во вид на основна обука за водење бизнис, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите.

Лицата кои ќе бидат опфатени со програмата за самовработување, во рок од три години не може да се вратат во евиденцијата на невработени лица во АВРМ.

## 2. ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА ЗА ФОРМАЛИЗИРАЊЕ НА ПОСТОЈНИ БИЗНИСИ

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на програмата е формализирање на започнати бизниси од страна на невработени лица и нивно легално вклучување во пазарот на трудот во функција на намалување на сивата економија |
| **Краток опис** | Програмата ќе се реализира преку помош при регистрација на постојниот бизнис на лица кои неформално имаат искуство во вршење на дејноста и на кои им е потребна субвенција за формализирање на бизнисот. |
| **Целна група** | Евидентирани невработени лица кои неформално вршат дејност |
| **Опфат на корисници** | 250 лица |
| **Потребни средства** | 47,000.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на МТСП |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП<br>АВРМ<br>УНДП<br>ЦР<br>АППРМ |

**Услови и критериуми**

Евидентирани невработени лица на кои им е потребна поддршка за регистрација на фирма и вршење на дејност од областа на трговија на мало, земјоделство и занаетчиство или друг вид на дејност. Услов за добивање на поддршката ќе биде лицето да е евидентирано како невработено лице во АВРМ најмалку една година и да нема регистрирано сопствена фирма. Оваа програма е во насока на спречување и намалување на сивата економија.

За реализација на секое самовработување се предвидува поддршка со неповратни средства во висина од 188,000.00 денари, од кои 185,000.00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема, репроматеријали и 3,000.00 ден за регистрација на дејност.

Лицата кои ќе бидат опфатени со програмата, не можат да се вратат во евиденцијата на невработени лица во рок од три години.

## 3. ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Во рамките на оваа програма, се предвидува обука, преквалификација или доквалификација и советувања на невработени лица за стекнување на знаења и вештини, со цел зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот преку следниве мерки:

3.1 Обука, преквалификација или доквалификација за познат работодавач

3.2 Обуки во работните клубови за стекнување на знаења и вештини (странски јазик и компјутери)

3.3 Проект за обука за одделни занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот во РМ, изготвена од АВРМ врз основа на спроведена анкета на работодавачи во 2008 година.

3.4.1 Едукација за започнување на бизнис

3.4.2 Едукација за започнување на бизнис во општина Гази Баба

Мерките 3.1 и 3.2 од оваа програма се спроведуваат како редовна активност од страна на АВРМ и истите ќе продолжат и во 2009 година, додека мерките 3.3 и 3.4.1 кои за прв пат беа пилотирани во 2008 година, врз основа на создадени услови ќе се реализираат и во други општини..

### 3.1 Обука, преквалификација или доквалификација на невработени лица за познат работодавач

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на оваа мерка е на невработените лица да им се обезбеди определено ниво на знаења и вештини за работодавач, кој има утврдено определени потреби за работни места |
| **Краток опис** | Обука, преквалификација или доквалификација на невработните лица ќе се изведува за познат работодавач, кој има утврдено потреба за лица со одделни занимања и квалификации |
| **Целна група** | Евидентирани невработени лица |
| **Опфат на корисници** | 512 лица |
| **Потребни средства** | 11,366,400,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ |
| **Надлежни институции за имплементација** | АВРМ |

**Услови и критериуми:**
Со оваа мерка ќе се опфатат невработени лица со образование и вештини блиски на потребите на работодавачот, при што работодавачот не може да врши повеќе од една подготовка за вработување за исто лице, за вработување во занимање од иста дејност. Подготовка за вработување се врши доколку на евиденцијата за невработени нема такви профили на невработени лица.Подготовката за вработување да трае до три месеци, со обврска работодавачот да вработи најмалку 70% од вклучените лица и истите не може да ги отпушти од работа најмалку 1 година по склучување на договор за вработување.  Висината на паричната помош на невработено лице, односно работникот вклучен во подготовката изнесува 4,400.00 ден. месечно , а работодавачот кај кој се врши подготовка за вработување има право на партиципација во трошоците за изведување и спроведување на подготовка за вработување во висина од 3,000.00 ден. месечно по невработено лице односно работник .

**3.2** Обуки во работните клубови за стекнување на знаења и вештини (странски јазик и компјутери)

| | |
|---|---|
| **Цел** | Мерката има за цел оспособување на невработените лица со вештини кои ќе им помогнат во подобрувањето на нивната конкурентност на пазарот на трудот. |
| **Краток опис** | Обуките се бесплатни за невработените лица и се спроведуваат од страна на евидентирани невработени лица со соодветна квалификација, ангажирани со договор за вршење на услуги, со одреден надоместок. Доколку на евиденцијата на невработени лица нема соодветни лица за обучувачи за соодветната обука, како обучувач може да биде ангажирано и вработено лице |
| **Целна група** | Евидентирани невработени лица |
| **Опфат на корисници** | 2 000 лица |
| **Потребни средства** | 2.000.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ |
| **Надлежни институции за имплементација** | АВРМ |

**Услови и критериуми:**
Лицата вклучени во обуките (обучувачите и невработените лица кои се обучуваат) за времетраење на истите се водат во евиденцијата на невработени лица кои активно бараат работа и ги задржуваат правата по основ на невработеност.

**3.3** Обука за одделни занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот

| | |
|---|---|
| **Цел** | Мерката има за цел работно оспособување на невработените лица со вештини кои произлегуваат како приоритетни дефицитарни занимања според Анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот во РМ спроведена во 2008 година за стекнување на вештини за извршување на работни задачи од одредени дејности, што ја изготви АВРМ. |
| **Краток опис** | Обуката ќе се реализира според претходно подготвена програма од ЦСОО во соработка со АВРМ. Лицата кои успешно ќе ја завршат обуката ќе се стекнат со право на соодветно уверение за работна оспособеност |
| **Целна група** | Првата целна група се долгорочно невработените лица евидентирани во АВРМ над една година, со слични или сродни занимања блиски до вештините кои ќе се опфатат со оваа мерка. Со ова ќе се овозможи нивна поголема конкурентност на пазарот на трудот.<br><br>Втората целна група се невработени лица на кои им престанал работниот однос и се најмногу 6 месеци евидентирани како невработени лица. |
| **Опфат на корисници** | 120 лица |
| **Потребни средства** | 6.240.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ- потсметка за активни политики и мерки за вработување |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП, АВРМ, МОН, ЦСОО, УНДП, установи од областа на образованието. |

**Услови и критериуми**

Врз основа на резултатите од Анализата на потребите за вештини на пазарот на трудот во Република Македонија од 2008 година, расположивте ресурси за организирање и извршување на обуки и потпишан Меморандум за разбирање меѓу АВРМ и ЦСОО, обуките ќе бидат насочени кон занимања и дејности во кои има недостиг на вештини.

-електроинсталатер и електромонтер

-инсталатери и оддржувачи на гасоводна и водоводна инсталација

-сервисери на механотронички системи

На лицата кои ќе бидат вклучени во обуката за деновите на обука ќе им се обезбеди надомест за покривање на трошоците за одење и враќање до местото на обука и надомест на трошоците за еден оброк во вкупен износ од 180 ден. дневно, односно месечно 4000.00 ден по лице (со вклучен персонален данок на доход).

Обуката ќе се реализира во период до 3 месеци, во зависност од занимањето во Скопје, а доколку постојат услови и во други регионални центри.

**Очекувани резултати од обуката**

- Стандарди на занимања и образовни стандарди врз основа на Анализата на потребите за вештини на пазарот на трудот во РМ
- Наставни програми и планови за обука

Активностите ќе опфатат:

- Потпишување на меморандум за соработка помеѓу АВРМ и ЦСОО
- Објавување на јавен тендер за избор на спроведувачи на обуки (МОН) и издавање на акредитација
- Подготовка на наставни планови и програми од страна на понудувачите на обука
- Давање на стручно мислење од страна на ЦСОО за понудените наставни планови и програми од понудувачите на обуки
- Одобрување на наставните планови и програми врз основа на стручното мислење од страна на МОН
- Објавување на јавен оглас за невработени лица кои се заинтересирани своите знаења да ги надополнат со вештини
- Подготовка на критериуми за избор на пријавени кандидати на оглас
- Договор помеѓу ЦСОО, АВРМ и установите кои ќе ја вршат обуката
- Подготовка на месечни извештаи од страна на изведувачите на обуките за редовноста на невработените лица опфатени со обуката и доставување на истите до АВРМ
- Следење на текот на обуката од страна на АВРМ, ЦСОО и МОН
- Формирање на комисии за оценка на стекнати знаења
- Проверување на стекнатите знаења
- Издавање на уверение за завршена обука
- Обуката ќе се реализира во Скопје, а доколку се создадат услови може и во други регионални центри

### **3.4.1** Едукација за започнување на бизнис

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на мерката е натамошно јакнење на капацитетите на АВРМ за едукација на невработени лица, преку обука на обучувачи и едукација на невработените лица за започнување на бизнис . |
| **Краток опис** | Мерката ќе обезбеди обука на вработените во АВРМ со различни вештини и техники за едукација на невработените лица за започнување и водење на сопствен бизнис |
| **Целна група** | Вработени лица во АВРМ и евидентирани невработени лица кои не се опфатени со други активни мерки. |
| **Опфат на корисници** | 1000 лица<br>(950 невработени лица и 50 од вработените во АВРМ ) |
| **Потребни средства** | 600.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП<br>АВРМ |

**Услови и критериуми**

Во обуката ќе се вклучат вработени лица од регионалните центри за вработување со цел да се стекнат со одредени знаења и вештини за дефинирање на приоритети за намалување на невработеноста и реализација на програми за советување на невработени лица кои се заинтересирани за започнување на сопствен бизнис. Обуката ќе се однесува и на прашања поврзани со реализација на бизнис идеа, подготовка на бизнис план, извори за финансирање, пристап до информации за водење на бизнис, постапка за регистрација на фирма, законска легислатива и сл.

| **3.4.2** Едукација за започнување на бизнис во општина Гази Баба | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на мерката е едукација на невработени лица на територијата на општина Гази Баба за започнување на бизнис согласно светски познатата програма Стартинг а Бусинесс (Започнување на Бизнис) на Цисцо Ентрепренеур Институте ( Циско Институт за Претприемништво) (њњњ.цисцоинституте.нет ) |
| **Краток опис** | Мерката ќе обезбеди обука на евидентирани невработени лица од територијата на општина Гази Баба преку програмата на Стартинг а Бусинесс курсот кој е практичен и сеопфатен курс кој се спроведува во повеќе од 20 земји во светот и претставува комбинација од онлајн материјали и сесии кои се одвиваат во училница. По завршувањето на курсот, учесниците ќе се стекнат со меѓународно признат сертификат и вештини за подготовка и спроведување на детален бизнис план |
| **Целна група** | Едукацијата согласно Стартинг а Бусинесс се однесува на евидентирани невработени лица на територијата на општина Гази Баба |
| **Опфат на корисници** | 60 невработени лица од општина Гази Баба |
| **Потребни средства** | 1.340.160,00 денари |
| **Извори на средства** | Центар за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија (172.800,00 денари)<br>Фондација Претприемачки сервис за млади (ПСМ)(495.360,00денари)<br>УСАИД Проект за локален развој (576.000,00денари)<br>Општина Гази Баба(96.000,00денари) |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП<br>АВРМ<br>Центар за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија<br>Фондација Претприемачки сервис за млади (ПСМ)<br>УСАИД Проект за локален развој<br>Општина Гази Баба |

## Услови и критериуми

Во обуката ќе се опфатат евидентирани невработени лица од општина Гази Баба со завршено најмалку средно образование и основно познавање на користење на компјутери и интернет. Обуката ќе се реализира на македонски јазик, а по завршувањето на обуката учесниците ќе се стекнат со меѓународно признат сертификат и вештини за подготовка и спроведување на детален бизнис план. Програмата се состои од 45 часа поделени во 15 модули кои обработуваат теми како што се: евалуација на бизнис потенцијалот, подготовка на бизнис план, организација, сметководство и готовински тек, начин на  финансирање на сопствен бизнис, купување на бизнис и франшиза, маркетинг и слично. Обуката ќе биде спроведена од страна на Центарот за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија, кој е регионален тренинг центар на Цисцо Ентрепренеур Институте и Фондацијата-Претприемачки сервис за млади (ПСМ). Најдобрите три бизнис планови ќе добијат симболична финансиска награда од Фондација Претприемачки сервис за млади (ПСМ)  во износ од 1,000 УСД, која ќе им овозможи да основаат сопствен бизнис.

## 4. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ

Програмата за субвенционирање на вработувањето ќе се реализира преку следниве мерки:

### **4.1** Субвенционирање на вработување на деца без родители

| | |
|---|---|
| **Цел** | Цел на оваа мерка е да обезбеди финансиска поддршка на децата без родители за нивно вклучување на пазарот на трудот по престанување на нивното згрижување во институции или згрижувачки семејства |
| **Краток опис** | Ќе се обезбеди финансиска поддршка заради вработување на евидентираните невработени лица кои имаат статус на деца без родители по престанување на нивното згрижување во институции или згрижувачки семејства |
| **Целна група** | Евидентирани невработени лица кои имаат статус на деца без родители, по напуштање на установите за социјално згрижување или згрижувачки семејства |
| **Опфат на корисници** | 8 |
| **Потребни средства** | 1.080.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ - потсметка за активни мерки и политики за вработување |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП<br>АВРМ<br>ЦСР |

**Услови и критериуми**

За поддршка за вработување на деца без родители се предвидува субвенционирање на вработување преку финансиска поддршка за секое вработено лице за плата во износ од 22,500,00 денари месечно за период од 6 месеци, со обврска на работодавачот овие лица да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 месеци). Финансиските средства ќе бидат трансферирани на сметка на работодавачот со обврска истиот да пресметува и исплатува плата ( нето плата и законски пропишани придонеси за социјално осигурување и персонален данок на доход) најмалку во износ на обезбедените средства.

## **4.2** Субвенционирање на вработување на инвалидни лица

| | |
|---|---|
| **Цел** | Субвенционирањето на вработувањето на инвалидните лица се врши со цел социјализација на оваа категорија на невработени лица и нивно интегрирање на пазарот на трудот |
| **Краток опис** | Субвенцијата ќе се врши согласно со Законот за вработување на инвалидни лица за вработување на инвалидни лица, работно оспособување, адаптација на работни места и за набавка на опрема. |
| **Целна група** | Инвалидни лица согласно со Законот за вработување на инвалидни лица |
| **Опфат на корисници** | 200 лица |
| **Потребни средства** | 165.825.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ- потсметка за финансирање на инвалидни лица |
| **Надлежни институции за имплементација** | АВРМ |

### Услови и критериуми

АВРМ ќе ги преземе сите редовни активности за субвенционирање на вработување на инвалидни лица, согласно со Законот за вработување на инвалидни лица и Правилникот за критериуми и начинот на доделување на неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица.

| |
|---|
| **4.3** Субвенционирање на вработување на самохрани родители, самохрани родители со 3 или повеќе деца, млади самохрани родители до 27 годишна возраст , брачни парови со 3 или повеќе деца и родители на деца со посебни потреби |

| | |
|---|---|
| **Целна група** | Самохрани родители, самохрани родители со 3 или повеќе деца, млади самохрани родители до 27 годишна возраст, брачни парови со 3 или повеќе деца и родители на деца со посебни потреби. |
| **Опфат на корисници** | 222 лица<br>(72 самохрани родители,20 самохрани родители со 3 или повеќе деца ,60 млади самохрани родители до 27 годишна возраст, 30 брачни парови со 3 или повеќе деца и 40 родители на деца со посебни потреби ) |
| **Потребни средства** | 29.970.000,00 денари |
| **Цел** | Вклучување на пазарот на трудот на самохраните родители, самохрани родители со 3 или повеќе деца, млади самохрани родители до 27 годишна возраст, брачни парови со 3 или повеќе деца и родители на деца со посебни потреби за подобрување на нивната економско-социјална положба, како и водење на популациона политика со цел зголемување на наталитетот согласно стратегијата за демографски развој 2008-2015 година |
| **Краток опис** | Со оваа мерка ќе се обезбеди поддршка на самохраните родители, самохрани родители со 3 или повеќе деца, млади самохрани родители до 27 годишна возраст, брачни парови со 3 или повеќе деца и родители на деца со посебни потреби за нивно поефикасно вклучување на пазарот на трудот |
| **Извори на средства** | Буџет на МТСП кон АВРМ -13,500,000.00 ден<br>Буџет на АВРМ - потсметка за активни програми/мерки за вработување 16.470.000.00 ден |
| **Надлежни институции за имплементација:** | МТСП<br>АВРМ<br>ЦСР |

**Услови и критериуми**

За поддршка за вработување на самохрани родители, самохрани родители со 3 или повеќе деца, млади самохрани родители до 27 годишна возраст, брачни парови со 3 или повеќе деца и родители на деца со посебни потреби, се предвидува субвенционирање на вработување преку финансиска поддршка за плати во износ од 22.500 денари месечно за период од 6 месеци со обврска на работодавачот овие лица да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 месеци).

Финансиските средства ќе бидат трансферирани на сметка на работодавачот, со обврска истиот да пресметува и исплатува плата ( нето плата и законски пропишани придонеси за социјално осигурување и персонален данок на доход), најмалку во износ на обезбедените средства.

## **4.4** Субвенционирање на вработување на постари лица (од 55 до 64 години)

| | |
|---|---|
| **Цел** | Реинтеграција на постарите невработени лица за нивно повторно вклучување на пазарот на трудот и подобрување на нивната економско-социјална положба |
| **Краток опис** | Ќе се обезбеди финансиска поддршка заради вработување на постарите невработени лица |
| **Целна група** | Евидентирани невработени лица на возраст од 55 до 64 години |
| **Опфат на корисници** | 629 лица |
| **Потребни средства** | 84.915.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на МТСП кон АВРМ -11,959,700.00<br>Буџет на АВРМ потсметка за активни програми/мерки за вработување – 17.740.300,00<br>Буџет на АВРМ- 55.215.000,00 |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП<br>АВРМ |

**Услови и критериуми:**

За вработување на постари лица од 55 до 64 години се предвидува субвенционирање на вработување преку финансиска поддршка за плати во износ од 22.500 денари месечно за период од 6 месеци, со тоа што работодавачот ќе биде обврзан овие лица да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18). Финансиските средства ќе бидат трансферирани на сметка на работодавачот со обврска истиот да пресметува и исплатува плата ( нето плата и законски пропишани придонеси за социјално осигурување и персонален данок на доход) најмалку во износ на обезбедените средства.

**4.5** Субвенционирање на вработување на млади лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок и жртви на семејно насилство

| | |
|---|---|
| **Цел** | Поттикнување на вработување на млади невработени лица до 27 годишна возраст, лица на кои им престанал работниот однос по основа на технолошки вишок и жртви на семејно насилство заради нивно интегрирање на пазарот на трудот и подобрување на нивната економска и социјална положба. |
| **Краток опис** | Ќе се обезбеди финансиска поддршка заради вработување на невработени лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок, како и невработени лица жртви на семејно насилство<br>. |
| **Целна група** | Евидентирани невработени лица до 27 години, и лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок, како и невработени лица жртви на семејно насилство |
| **Опфат на корисници** | 571 лица |
| **Потребни средства** | 57.216.000,00 денари ( 54.816.000,00 ден. за 2009 год. и 2,400,000.00 обврски од 2008 год. ) |
| **Извори на средства** | Буџет на МТСП- кон АВРМ ( 54,816,000.00 ден. )<br>Буџет на МТСП кон Фонд за здравство ( 2.400.000,00 ден ) |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП и АВРМ |

**Услови и критериуми:**

Невработено лице до 27 годишна возраст и невработени лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок, како и на евидентирани невработени лица жртви на семејно насилство ќе им се обезбеди финансиска поддршка во износ од 16,000.00 ден месечно во период од 6 месеци, со тоа што работодавачот ќе биде обврзан овие лица да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 ). Финансиската поддршка ќе се обезбеди на работодавач кај кој во период од 6 месеци пред отпочнување на поддршката и за време на финансиската поддршка нема намалување на бројот на вработените освен за пензионирање на работник или во случај на смрт на работник.

Финансиските средства ќе бидат трансферирани на сметка на работодавачот со обврска истиот да пресметува и исплатува плата и законски пропишани придонеси за социјално осигурување и персонален данок на доход, најмалку во износ на обезбедените средства

Статусот жртви на семејно насилство се потврдува од страна на центарот за социјална работа.

Доколку евидентирано невработено лице, од оваа целна група, одбие понуда за вработување, се брише од евиденција на невработени лица и му престануваат правата по основа на невработеност.

**Напомена**:Поради создадени обврски со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2008 година за мерката 4.5 за ослободување од плаќање на придонес за здравствено осигурување во првите 18 месеци за вработување на млади невработени лица до 27 годишна возраст и невработени лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај во претпријатијата со доминантна сопственост на државата над 50%, според пресметките на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година, треба да се обезбедат 2.400.000,00 денари, односно 200.000,00 месечно.

## 5. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ

**Цел**

Работно ангажирање на  невработени лица во одделни општини кај кои имаат висок процентот на невработени лица во однос на вкупното население во општината заради стекнување на одредени практични знаења и вештини, рамномерен регионален развој, можност за континуирано работно ангажирање и можност за вработување, како и намалување на сиромаштијата

**Краток опис**

Јавните работи ќе се организираат во областите од: Одржување и обновување на јавната инфраструктура (уредување и изградба на патиштаи, патни појаси, насипи, канали, пруги, мостови, гробишта, реконструкција на канализациона и водоводна мрежа и други објекти од општ интерес, -одобрување на условите за живеење и други работи) и одржување и заштита за животната средина и природата (санација на дивите депонии, чистење и одржување на речните корита, езера, канали, одводи, јавни површини, пошумување, развој на еколошките посади, чување и заштита на шумите, реките и езерата, развој на селските подрачја, монтажа и одржување на опремата во парковите и јавните детски игралишта, помош за воспоставување на нови депонии - локации за собирање и одвоз на отпад и други работи).

За време на ангажирањето на лицата ќе им се обезбеди финансиска поддршка

**Целна група**

Долгорочно евидентирани невработени  лица, ниско квалификувани невработени лица, повозрасни невработени лица (над 55 години) врз основа на искажани потреби на организаторот на јавните работи

**Опфат на корисници**

5000 лица

**Потребни средства**

228.980.000 денари.

**Извори на средства**

-200.000.000 денари- Буџет на МТСП кон АВРМ
-28.980.000 денари.– Буџет на АВРМ -Потсметка за активни мерки и политики за вработување
- Кофинансирање на јавните работи од сопствени или

други извори: (буџетот на единиците на локалната самоуправа, поклони, донации, легати, кредити и др.)

**Надлежни институции за имплементација** АВРМ, МТСП, МЛС, МФ, ЗЕЛС и единици на локална самоуправа и Градот Скопје

**Услови и критериуми**

Со мерката се планира да бидат опфатени долгорочно евидентирани невработени лица, ниско квалификувани невработени лица, повозрасни невработени лица (над 55 години) И други лица од евиденција на невработени преку ангажирање за вршење на јавни работи за период не подолг од шест месеци. За спроведување на оваа програма, е предвидена финансиска поддршка во износ од 7.600,00 денари за лице месечно (со вклучен персонален данок на доход во износ од 705,00 денари) и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување (550,00 денари).

Единиците на локалната самоуправа, односно Градот Скопје можат да обезбедат дополнителни средства за истите лица или за опфат на поголем број на лица. Доколку е потребно, организаторот на јавни работи за ангажираните лица може да обезбеди храна и превоз.

При избор на јавните работи приоритет ќе имаат јавните работи кои ќе траат подолг временски период, поголем број на опфат на невработени лица, износот на кофинансирање, општини кои имаат висок процентот на невработени лица во однос на вкупното население во општината и сл.

За време на обезбедување на финансиската поддршка, ангажираното лице не ги губи правата по основ на невработеност. Финансиската поддршка ќе се обезбеди преку АВРМ во единиците на локалната самоуправа, односно Градот Скопје, кои имаат најголем процент на невработени лица во однос на вкупното население во општината, а во рамките на планираните средства.

Средствата ќе се трансверираат по истекот на месецот на единици на локална самоуправа односно градот Скопје кои не се со блокирани жиро сметки, а начинот и условите на трансверирање, како и правата и обврските ќе се уреди со посебен договор помеѓу АВРМ – ЦВ, единицата на локалната самоуправа, односно Градот Скопје и невработеното лице.

Министерството за финансии до АВРМ месечно ќе доставува список на ЕЛС со блокирани жиро сметки, а најдоцна до 5 -ти во месецот за претходниот месец.
Во текот на имплементација на програмите, АВРМ- ЦВ редовно врши мониторинг на реализацијата на истите.
АВРМ ќе формира и Проектен одбор составен од претставници на АВРМ, ЗЕЛС, МЛС, МТСП,Кабинетот на потпретседателот на Владата на Република Македонија за економски прашања, кој ќе биде надлежен за разгледување на доставените проекти, подготовка на ранг листа и носење на одлука

Покрај тоа АВРМ ќе формира Надзорен одбор за мониторинг и контрола за извршување на јавните работи кој е составена од МЛС, АВРМ, ЗЕЛС и МФ.

## 6. ПРАКТИКАНТСТВО КАКО ПОДДРШКА ЗА ПРВО ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ ЛИЦА ДО 27 ГОДИНИ И МЛАДИ ЛИЦА ВО ЗАВРШНА ФАЗА НА СТУДИИ

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на оваа мерка е да се опфатат млади невработени лица на кои ќе им се овозможи подготвени да се вклучат на пазарот на трудот како и превентивно делување на млади лица кои се во завршна фаза на студии |
| **Краток опис** | Финансиска поддршка на невработени лица до 27-годишна возраст, заради стекнување на одредени практични знаења и вештини<br>Финансиска поддршка за превентивно делување на млади лица кои се во завршна фаза на студии со обезбедување на обука кај работодавачи врз основа на претходно утврдена методологија за практикантска работа |
| **Целна група** | Евидентирани невработени млади лица до 27 годишна возраст ,<br>Студенти во завршна фаза на студии |
| **Опфат на корисници** | 150 лица ( до 27 годишна возраст )<br>500 студенти во завршни години на студии |
| **Потребни средства** | 13,500,000.00 денари<br>( 2.250.000,00 денари - до 27 годишна возраст и 11,250,000.00 денари - студенти во завршна фаза на студии ) |
| **Извори на средства** | АВРМ- Потсметка за активни мерки и политики за вработување – 2,250,000.00 ден<br>УСАИД – 11,250,000.00 ден |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП, МОН, МЕ, АВРМ, УСАИД, универзитети и работодавачи |

**Услови и критериуми**

Со мерката која се однесува на целната група на невработени лица до 27 годишна возраст се планира да бидат опфатени  лица најмалку со завршено средно образование, преку вклучување во програми за практиканство (стажирање) за период од три месеци, заради вработување. За спроведување на оваа мерка, потребни се 5.000 денари за лице месечно ( со вклучен персонален данок на доход ).
Мерката практиканство за невработени  млади лица до 27 годишна возраст ќе се спроведува во Скопје, а доколку постои заинтересираност и во други регионални центри. Доколку се обезбедат дополнителни средства, ќе се зголеми бројот на лицата.
Со мерката се планира да бидат опфатени  и студенти кои се во завршна фаза на студии кај работодавачи врз основа на пријава. Пријавата ќе се доставува на посебен портал за поддршка на Националната програма за практикантска работа и вработување при УСАИД.

## 7. ПИЛОТ АНКЕТА ЗА СЛОБОДНИ РАБОТНИ МЕСТА

| | |
|---|---|
| **Цел** | Обезбедување на фреквентни информации за потребите од работна сила на пазарот на трудот |
| **Краток опис** | Невработени лица во определен временски период ќе бидат ангажирани за телефонско анкетирање на работодавачи за потребите од работна сила преку “мини колцентар“ |
| **Целна група** | Евидентирани невработени лица од листа на евиденција со високо образование кои се до 6 месеци на листа на невработени лица и работодавачи. |
| **Опфат на корисници** | 90 невработени лица |
| **Потребни средства** | 730.000,00 денари |
| **Извори на средства** | УСАИД- Проект за деловно опкружување- 370,000.00<br>УСАИД- Проект за деловно опкружување кон АВРМ-360,000.00 |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП,АВРМ и УСАИД |

### Услови и критериуми

Со мерката се планира да бидат ангажирани евидентирани невработени лица со високо образование кои врз основа на претходно подготвен прашалник преку “миникол центар“ ќе анкетираат работодавачи за потребите од работна сила. Максималното ангажирање на едно лице може да биде до 1 месец. За овој период на овие лица ќе им се обезбеди надоместок од по 4,000.00 денари (со вклучен персонален данок на дохот). Во рамките на обезбедените средства ќе се изработи и софтвер и ќе се закупи телефонска линија. Со оваа програма се планира да се опфатат повеќе од 1000 работодавачи

## 8. ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИ – ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

| | |
|---|---|
| **Цел** | Обезбедување на услуги за помош на жени- жртви на семејно насилство. |
| **Краток опис** | На жени-жртви на семејно насилство ќе им се обезбеди финансиска поддршка за самовработување, обука и преквалификација. |
| **Целна група** | Невработени жени-жртви на семејно насилство |
| **Опфат на корисници** | |
| **Потребни средства** | 35,000,000.00 денари |
| **Извори на средства** | УНДП |
| **Надлежни институции за имплементација** | УНДП, МТСП, МОН, МВР, МЗ, АВРМ и ЦСР |

### Услови и критериуми

Условите и критериумите, како и опфатот на корисници ќе се дефинираат по извршената проценка на состојбата и можните модалитети за воспоставување на оваа програма од страна на УНДП во текот на јануари и февруари 2009 година.

## 9. ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РОМИ

| | |
|---|---|
| **Цел** | Зголемување на вработувањето на Ромите со цел намалување на сиромаштијата и нивно вклучување на пазарот на труд. |
| **Краток опис** | Подготовка за вработување (обука) на Роми за познат работодавач |
| **Целна група** | Евидентирани невработени лица Роми |
| **Опфат на корисници** | 200 |
| **Потребни средства** | 4,800,000.00 денари |
| **Извори на средства** | МТСП |
| **Надлежни институции за имплементација** | МТСП, АВРМ и работодавачи |

**Услови и критериуми**

За поддршка за вработување на Ромите ќе се обезбеди подготовка за вработување (обука) на евидентирани невработени лица Роми со завршено најмалку осмо одделение и да се психофизички способни за занимањето односно работното место за кое се обучуваат. Подготовката за вработување (обука) ќе се реализира во период од три месеци со паричен месечен надоместок од по 4,000.00 ден за секое обучувано лице и 4,000.00 ден за работодавачот кај кого ќе се реализира обуката. По завршување на подготовката за вработување (обука), работодавачот има обврска да ги вработи лицата кои успешно ја завршиле обуката, на неопределено време и да ги задржи на работа најмалку една година по склучување на договорот за вработување. За време на реализација на подготовката за вработување (обука), лицата кои учествуваат во обуката ги задржуваат правата по основ на невработеност .

## ИИИ. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНКА НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН

***Следењето ќе се одвива на три нивоа:***

1. Секојдневно следење на активностите ќе се врши на ниво на центри за вработување и АВРМ во координација со УНДП. Информациите ќе се интегрираат во Менаџмент информатички систем (МИС) и ќе им бидат достапни на сите засегнати субјекти.

2. АВРМ и УНДП ќе поднесуваат извештаи до националниот координатор, националниот директор и надзорниот одбор, на месечна и квартална основа. Финален извештај ќе се изготви на крајот од годината за секоја програма/мерка, вклучувајќи нејзина анализа и предлози за можни измени во наредната година.

3. Менаџмент информатичкиот систем (МИС) има за цел да ги евидентира активностите и индикаторите кои се релевантни за вработување на учесниците во текот на спроведувањето на мерката, со дефиниран модел на подготовка и поднесување на извештаи.

***Оценување на влијанието на мерките на пазарот на трудот***

Секторот за истражување и анализа на пазарот на трудот ќе прави анализа на податоците за секоја програма/мерка на шестмесечна и годишна основа, при што ќе се користи МИС, како и извештајот за секоја програма/мерка."

## ИВ. ПРОМОЦИЈА НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН

Со цел да се обезбеди транспарентност во процесот на имплементирањето на програмите и мерките од Оперативниот план, особено внимание ќе се обрне на промовирање на програмите и активните мерки за вработување. Промовирањето на мерките и транспарентноста со јавните повици, ќе придонесат сите невработени лица да бидат информирани за своето право за вклучување во одделна мерка, за да можат навреме да се вклучат во процесот.

Промоцијата ќе се изведува преку сите медиуми и брошури, пред, за време на имплементација и по завршување на мерката.

## В. ФИНАНСИСКА РАМКА

За имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки, потребни се 825,102,860.00 денари (прилог: Преглед бр.1 и Преглед бр.2).

Во Буџетот на МТСП за 2009 година, се планирани 462,016,000.00 денари , во Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ 314,766,700.00 денари; УНДП 35,000,000.00 ден; УСАИД 11,980,000.00 денари и Центар за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија (172,800.00 денари);
Фондација - Претприемачки сервис за млади (ПСМ)-(495,360.00денари);
УСАИД Проект за локален развој (576,000.00денари);
Општина Гази Баба (96,000.00денари);

Преглед  за видот на програми и мерки и потребни средства бр.1

| | Програми и мерки | Опфат | Потребни средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Програма за самовработување | 600 | 127,540,300.00 |
| 2 | Програма за формализирање на постојни бизниси | 250 | 47,000,000.00 |
| 3 | Програма за подготовка за вработување | 3692 | 21,546,560.00 |
| 4 | Програма за субвенционирање на вработување | 1680 | 339,006,000.00 |
| 5 | Организирање на јавни работи | 5000 | 228,980,000..00 |
| 6 | Програма за практикантство | 650 | 13,500,000.00 |
| 7 | Пилот анкета за слободни работни места | 90 | 730,000.00 |
| 8 | Економско јакнење на жени-жртви на семејно насилство | | 35,000,000.00 |
| 9 | Програма за поддршка за вработување на Роми | 200 | 4,800,000.00 |
| 9 | Јавни огласи и соопштенија | | 7,000,000.00 |
| | **Вкупно** | **12162** | **825,102,860.00** |

Преглед за извори на средства за реализација на програмите бр2

| | Извори на финансирање | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Трансфер од Буџет на РМ | 462,016,000.00 |
| 2 | Буџет на АВРМ | 69,181,400.00 |
| 3 | Буџет на АВРМ - потсметка за активни програми и мерки за вработување | 72,760,300.00 |
| 4 | Буџет на АВРМ – потсметка Посебен фонд | 165,825,000.00 |
| 5 | АВРМ- Јавни огласи и соопштенија | 7,000,000,00 |
| 6 | УСАИД | 11,250,000.00 |
| 7 | УСАИД- Проект за деловно опкружување | 730,000.00 |
| 8 | Центар за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија (172.800,00 денари)<br>Фондација Претприемачки Сервис за Млади (ПСМ)(495.360,00денари)<br>УСАИД Проект за локален развој (576.000,00денари)<br>Општина Гази Баба(96.000,00денари) | 1,340,160.00 |
| 9 | УНДП | 35,000,000.00 |
| | **Вкупно** | **825,102,860.00** |

**ВИ. АНЕКСИ**

**АНЕКС број 1**

**1. Програма за самовработување**

| | **Активност** | **Надлежна институција** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| **1** | Оперативни упатства | МТСП, УНДП, АВРМ, АППРМ | февруари 2009 |
| **2** | Распишување на јавен оглас и прием на апликации | АВРМ-центри за вработување | февруари 2009 |
| **3** | Селекција на пријавените кандидатите | АВРМ | февруари, март 2009 |
| **4** | Обука за деловно планирање и управување | УНДП, АВРМ, АППРМ | март-април 2009 |
| **5** | Поддршка при подготовка на бизнис план | АППРМ, УНДП | Во три фази април-септември 2009 |
| **6** | Избор на најдобрите бизнис планови | АППРМ, УНДП<br>Банкарски експерти | Во три фази мај-септември 2009 |
| **7** | Поддршка за регистрација на бизнисот за оние со најдобри бизнис планови | УНДП, АППРМ, АВРМ, ЦР и Занаетчиска комора на Град Скопје | Во три фази јуни-август 2009 |
| **8** | Потпишување на Договор со корисникот за покривање на трошоците за набавка на опрема | УНДП,АВРМ- Центар за вработување, корисникот, | Во три фази<br>август-септември 2009 |
| **9** | Обезбедување на почетен грант во паричен надоместок за започнување на бизнисот | УНДП | Во три фази август-ноември |

**Опис на активностите**

1.1 Оперативни упатства

Изготвувањето на оперативни упатства ќе вклучува: јавен оглас, работен план, обрасци за пријавување, информативни листови, документи за прифаќање, критериуми за селекција, табели за селекција, тим за мониторинг итн.; изготвување на бизнис план за оваа мерка; упатства за ваучерската програма и др.

2.1 Распишување на јавен оглас и прием на апликации

Повик на заинтересирани кандидати за аплицирање во Програмата; организирање на ТВ презентации за промоција на Програмата

3.1 Селекција од пријавените кандидатите
Информирање на кандидатите за основните услови за учество во Програмата; прием на апликации и потпишување изјава за согласност за вклучување во натамошните активност, изготвување на прво самооценување со поддршка на вработените во центрите за вработување и избор од пријавените кандидати според утврдените критериуми, при што ќе се има во предвид етничката припадност;

4.1 Обука за деловно планирање и управување;
Дводневна обука за развивање на бизнис идеи за заинтересираните учесници, за основни претприемнички вештини; водење на мал бизнис; законски услови и обврски за започнување и водење на бизнисот, советување за избор на облик на регистрација во работните клубови во рамките на центрите за вработување и советување за избор на форма за регистрација. По спроведување на обуката ќе се изврши рангирање на изработените бизнис идеи според претходно утврдените критериуми.

5.1 Поддршка при подготовка на бизнис план;
Избраните учесници по завршување на обуката за деловно планирање и управување, добиваат ваучер и листа на консултанти од кои ќе изберат за да им помогнат да го завршат бизнис планот .

6.1 Избор на најдобрите бизнис планови;
Експерти од избрани банки (независна комисија) ќе ги анализираат бизнис плановите ги рангираат најдобрите планови за 600 корисници и ќе рангираат и дополнителни 50 во случај ако некој од рангираните се откажал.

7.1 Поддршка за регистрација на бизнисот за оние со најдобри бизнис планови; Избраните учесници регистрираат бизниси и се вработуваат (М1/М2).

8.1 Потпишување на договор со корисникот
Потпишување на договори на АВРМ и УНДП со регистрираната фирма за покривање на трошоците за набавка на опрема и материјали.

9.1 Обезбедување на почетен грант за набавка на опрема и материјали за започнување на бизнисот
УНДП врши исплата на средствата за набавка на опрема согласно со бизнис планот на жиро-сметките на добавувачите за потребите на корисниците со кои е потпишан договор според спецификацијата од изработениот бизнис план, кој е составен дел на договорот. Во оваа активност УНДП со АВРМ- центар за вработување треба да определи лица кои активно ќе го следат процесот на набавката, испораката на опремата, како и активно следење на користењето на опремата од страна на УНДП за времетраење на проектот. Следењето на состојбата со статусот на регистрираните фирми, согласно со оваа програма во период од три години го врши АВРМ, АППРМ во соработка со ЦР.

## 2. ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ФОРМАЛИЗИРАЊЕ НА ПОСТОЈНИ БИЗНИСИ

Активностите од програмата 1 се однесуваат и на оваа програма освен активноста 4.1, а се изменува 5.1 и ќе гласи Изработка- пополнување на образец за мини бизнис план во кој е наведен целокупниот бизнис во сите негови фази и со потребни показатели.

## 3. ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

### 3.1 Обука, преквалификација или доквалификација за познат работодавач

| | Активност | Надлежна институција | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Доставување на барања и програми за подготовка за вработување од страна на работодавачи | работодавач | тековно |
| 2 | Објава на потреба за обука, преквалификација или доквалификација | АВРМ преку центрите за вработување | тековно |
| 3 | Известување до работодавачот со предлог листа на лица за подготовка за вработување | АВРМ преку центрите за вработување | тековно |
| 4 | Утврдување на конечна листа | работодавач | во рок од 10 дена по известувањето |
| 5 | Потпишување на договор со работодавачот и со лицето вклучено во подготовката за вработување | АВРМ<br>работодавачот и лицето вклучено во обуката | тековно |
| 6 | Изведување на подготовка за вработување | работодавач | тековно |
| 7 | Засновање на работен однос | работодавачот и невработеното лице | тековно |
| 8 | Исплата на средствата за поддршка на мерката | АВРМ преку центрите за вработување | тековно |

**Опис на активностите**

1.1 Доставување на барања за подготовка за вработување од страна на работодавачи

По извршеното огласување за потребата од работници од страна на работодавачот, доколку не се обезбедат работници, центарот за вработување врши пребарување по досиејата во евиденцијата на невработените лица заради изнаоѓање на лица со соодветно занимање. Доколку во евиденцијата на невработени лица нема такви профили на невработени лица, центарот за вработување на работодавачот му нуди обезбедување на работник по пат на обука, преквалификација или доквалификација. Работодавачот поднесува барање за подготовка за вработување до центарот за вработување.

Центарот го доставува барањето до Централната служба во АВРМ на одобрување и го информира работодавачот за исходот.

2.1 Објава на потреба за обука, преквалификација или доквалификација
Центрите за вработување објавуваат потреба за обука, преквалификација или доквалификација со критериумите кои треба да ги исполнат невработените лица и ги известуваат заинтересираните лица. Критериумите кои треба да ги исполнуваат невработените ги дефинира работодавачот

3.1 Известување до работодавачот
Центрите доставуваат листа на невработени до работодавачот и ги упатуваат лицата кај работодавачот

4.1 Утврдување на конечна листа
Работодавачот врши избор на кандидати според утврдените критериуми и утврдува листа на невработени лица кои ќе се вклучат во подготовка за вработување.

5.1 Потпишување на договор со работодавачот и лицето вклучено во подготовка за вработување
АВРМ- центарот за вработување потпишува договор со работодавачот за бројот на лица од утврдената листа, како и посебен договор со лицата вклучени во програмата.

6.1 Изведување на подготовката за вработување
Подготовката за вработување ја организира работодавачот и истата се врши во просториите на работодавачот

7.1 Засновање на работен однос
По подготовката за вработување, работодавачот заснова работен однос со најмалку 70% од вкупно вклучените лица.

8.1 Исплата на средствата за поддршка на мерката
АВРМ редовно ги исплаќа средствата за подготовката за вработување на месечна основа

**3.2 Обуки во работни клубови за стекнување на знаења и вештини за познавање на странски јазик и комјутери**

| | Активност | Надлежна институција | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Објавување на јавен оглас за заинтересирани евидентирани невработени лица | работните клубови во центрите за вработување | Според планот за обуки подготвен од АВРМ |
| 2 | Избор на обучувачи од евиденцијата на невработени лица и склучување на договор за вршење на услуги | центрите за вработување | Според планот за обуки подготвен од АВРМ |
| 3 | Дефинирање на групите и организирање на обуката | работните клубови во центрите за вработување | Според планот за обуки подготвен од АВРМ |
| 4 | Исплата на обучувачите | АВРМ преку центрите за вработување | тековно |

**Опис на активностите**

1.1 Објавување на јавен оглас за заинтересирани лица

Центрите преку работните клубови објавуваат јавен оглас за заинтересирани евидентирани невработени лица за посета на обуките, според планот за обуки.

2.1 Избор на обучувачи од листата на евидентирани невработени лица

Центрите за вработување вршат избор на обучувачи со потребна квалификација од евиденцијата на невработени лица и со избраните склучуваат договор за вршење на обуката.

3.1 Дефинирање на групите и организирање на обуката.

Работните клубови составуваат план за обуки и го организираат нивното спроведување во просториите на центрите за вработување.

4.1 Исплата на обучувачите

АВРМ врши редовна исплата на обучувачите според договорот.

## 3.3 Обуки за одделни занимања кои се дефицитарни на пазарот на труд

Врз основа на резултатите од Анализата на потребите за вештини на пазарот на трудот во Република Македонија од 2008, расположивите ресурси за организирање и извршување на обуки и потпишан Меморандум за разбирање меѓу АВРМ и ЦСОО, обуките ќе бидат насочени кон занимања и дејности во кои има недостиг на вештини.
Активностите ќе опфатат:

- Номинирање на членови на техничка работна група од страна на МОН и ЦСОО.
- Објавување на јавен тендер за избор на спроведувачи на обуки (МОН) и издавање на акредитација.
- Ревизија на постојните и подготовка на нови професионални стандарди и нивно усвојување од страна на ЦСОО.
- Објавување на јавен оглас за невработени лица кои се заинтересирани своите знаења да ги надополнат со вештини .
- Договор помеѓу ЦСОО, АВРМ и установите кои ќе ја вршат обуката.
- Подготовка за наставни планови и програми од страна на понудувачите и давање на стручно мислење на истите од страна на ЦСОО.
- Организација и спроведување на првите програми за обука за приоритетни занимања.
- Издавање на уверение за завршена обука
- Обуката ќе се реализира во Скопје, а доколку се создадат услови може и во други регионални центри.

Активностите за оваа мерка ке бидат дефинирани во периодот февруари-март 2009 година, со учество на сите инволвирани страни, а обуките ќе отпочнат најдоцна до 01 септември 2009 година.

### 3.4.1 Едукација за започнување на бизнис

Мерката ќе ја реализира АВРМ , а конкретните активности ќе се дефинираат во текот на февруари 2009 година. Обуката ќе се реализира во периодот од март- септември 2009 година.

### 3.4.2 Едукација за започнување на бизнис во општина Гази Баба

| | **Активност** | **Надлежна институција** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| **1** | Превод и адаптација на содржината на курсот и обука на обучувачи | УСАИД Проект за локален развој | Во текот на 2008 |
| **2** | Промоција и јавен оглас за заинтересирани кандидати | Центар за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија, Фондација Претприемачки сервис за млади (ПСМ), Општина Гази Баба | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3** | Реализација на обуката | Центар за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија, Фондација Претприемачки сервис за млади (ПСМ) | Јануари-Јуни 2009 |

**Опис на активностите**

1.1 Превод и адаптација на содржината на курсот и обука на обучувачи

УСАИД Проектот за локален развој обезбеди средства за превод од англиски на македонски јазик на содржината на Стартинг а Бусинесс курсот и нејзина адаптација на локалните закони и услови на работење, како и обука на обучувачите кои ќе ја спроведуваат програмата.

2.1 Промоција и јавен оглас за заинтересирани кандидати

Центарот за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија, Фондацијата- Претприемачки сервис за млади (ПСМ) и општината Гази Баба ќе вршат континуирана промоција на програмата и објавување во јавен оглас до заинтересираните учесници од територијата на општина Гази Баба преку дневните весници, месечниот весник на општина Гази Баба и преку нивните веб страници.

3.1 Реализација на обуката

Центарот за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија и Фондација Претприемачки сервис за млади (ПСМ) ќе состават план за реализирање на обуката во неколку групи, во зависност од динамиката на пријавување на заинтересираните учесници и истата ќе ја спроведат во просториите на Фондација Претприемачки сервис за млади (ПСМ).

## 4. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ

4.1 Субвенционирање на вработување на деца без родители ;

4.2 Субвенционирање на вработување на инвалидни лица ;

4.3 Субвенционирање на вработување на самохрани родители, родители со деца со посебни потреби и брачни парови ;

4.4 Субвенционирање на вработување на постари лица (од 55 до 64 години) ;

4.5 Субвенционирање на млади лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им прекинал по основа на стечај , ликвидација или технолошки вишок и жртви на семејно насилство ;

**Планирани активности и институции за имплементација на мерките 4.1, 4.2,4.3 , 4.4 од Програмата**

| | Активност | Надлежна институција | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| **1** | Да се обезбеди список на лицата кои имале статус на деца без родители, по напуштање на установата за социјално згрижување и згрижувачки семејства | ЦСР<br>центрите за вработување | февруари 2009 |
| **2** | Јавен оглас за самохрани родители, родители со деца со посебни потреби, брачни парови, постари лица (од 55 до 64) и млади лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им прекинал по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок и жртви на семејно насилство | АВРМ и центрите за вработување | февруари 2009 |
| **3** | Јавен оглас за работодавачите и прием на апликации | АВРМ преку центрите за вработување<br>ЦСР | февруари 2009 |
| **4** | Посредување меѓу работодавачите и невработените лица | центрите за вработување<br>ЦСР | март 2009 |
| **5** | Склучување на договор меѓу работодавачите и АВРМ | АВРМ со работодавачот | април 2009 |
| **6** | Работодавачот склучува Договор за вработување со избраните лица | Работодавачот и избраните лица | почеток на мај 2009 |
| **7** | Исплатата на субвенцијата | АВРМ преку центрите за вработување | за период на субвенционирањето за секоја мерка поодделно, но не подоцна од 31.12.2009 |

**Опис на активностите:**

1.1 Да се изработи список на лицата кои имале статус на деца без родители, по напуштање на установата за социјално згрижување и згрижувачки семејства , кои потпаѓаат под оваа мерка

ЦСР да изработат список на лица кои имале статус на деца без родители, по напуштање на установата за социјално згрижување и загрижувачки семејства според квалификации, вештини, локација (место, град и др. каде што истите ќе може да бидат работно ангажирани), број на лица, старосна структура и други релеванти податоци. Податоците да бидат доставени до центрите за вработување.

2.1 Јавен оглас за самохрани родители, родители со деца со посебни потреби, брачни парови, постари лица, млади лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок и жртви на семејно насилство

АВРМ објавува оглас до заинтересираните невработени самохрани родители, родители со деца со посебни потреби, брачни парови, постари лица, млади лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок и жртви на семејно насилство за вклучување во мерката. По пријавениот интерес од страна на невработените од овие целни групи, АВРМ подготвува список на можни кандидати, а списокот за можни кандидати од целната група за самохрани родители и жртви на семејно насилство, АВРМ го подготвува во соработка со ЦСР.

3.1 Јавен оглас за работодавачите

АВРМ објавува јавен оглас до работодавачите за вработување на деца без родители, самохрани родители, родители со деца со посебни потреби, брачни парови, постари лица, млади лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или технолошки вишок и жртви на семејно насилство и врши прием на апликациите.

4.1 Посредување меѓу работодавачите и невработените лица

Вработените во центрите за вработување, по добиените пријави од страна на работодавачите посредуваат помеѓу нив и невработените лица (од секоја мерка), а за самохраните родители, децата без родители и жртвите од семејно насилство, посредувањето се врши во соработка со ЦСР.

5.1 Склучување на Договор меѓу работодавачите и АВРМ.

Заинтересираните работодавачи се изјаснуваат за вработување на лицата и склучуваат Договор со АВРМ за ангажирање на лицата за период во текот на 2009 година, во кој се утврдуваат правата и обврските на договорните страни и условите и начинот на финансиската поддршка за вработување на целните групи.

6.1 Работодавачот склучува Договор за вработување со избраните лица
По склучувањето на договорите, центрите за вработување ја известуваат централната служба на АВРМ т.е координаторот на мерката и се пристапува кон реализација на субвенцијата за вработените лица од овие целни групи

7.1 Исплата на субвенцијата
АВРМ ќе врши редовна месечна исплата за период на субвенционирањето за секоја мерка поодделно, но не подоцна од 31.12.2009, на лицата ангажирани во оваа програма, по претходно доставено барање за исплата за бројот на лицата за кои треба да се обезбеди субвенција.

Исплатата се реализира на тој начин што центрите за вработување доставуваат барање до централната служба на АВРМ за потребните средства. Централната служба им, префрла средства на центрите за вработување и центрите им исплаќаат на работодавачите на месечна основа (по број на рати за секоја мерка поединечно)

**Планирани активности и институции за имплементација на мерката 4.5 од Програмата**

| | **Активност** | **Надлежна институција** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| **1** | Објавување на јавен оглас до заинтересираните работодавачи | АВРМ | март 2009 |
| **2** | Доставување на барања од страна на работодавачи | Работодавачи | април 2009 |
| **3** | Изготвување на унифициран образец за доставување на барањата и унифициран образец за исплата на субвенциите. | МТСП, АВРМ | март 2009 |
| **4** | Посредување меѓу работодавачите и невработените лица | АВРМ-центри за вработување | мај 2009 |
| **5** | Склучување на договор меѓу работодавачите и АВРМ | АВРМ со работодавачот | мај 2009 |
| **6** | Работодавачот склучува Договор за вработување со избраните лица | Работодавачот и избраните лица | мај 2009 |
| **7** | Исплатата на субвенцијата | АВРМ преку центрите за вработување | за период на субвенционирањето но не подоцна од 31.12.2009 |

**Опис на активностите:**

1.1 Јавен оглас за работодавачи за вработување на невработени лица од наведената целна група во мерката 4.5.

АВРМ објавува оглас до заинтересираните работодавачи.

2.1 Доставување на барања од страна на работодавачи

Заинтересираните работодавачи доставуваат барања до центрите за вработување на унифициран образец.

3.1 Изготвување на унифициран образец за доставување на барањата и унифициран образец за исплата на субвенциите.Се подготвува унифициран образец во кој се содржани сите потребни податоци кои треба да ги достави работодавачот.

4.1 Посредување меѓу работодавачите и невработените лица

Врз основа на доставени барања од страна работодавачи, центрите за вработување посредуваат помеѓу работодавачите и невработените лица од евиденција на невработени лица.

5.1 Склучување на Договор меѓу работодавачите и АВРМ.

Заинтересираните работодавачи се изјаснуваат за вработување на лицата и склучуваат Договор со АВРМ за вработување на лица од целните групи, утврдени во мерката 4.5. Во договорот се утврдуваат правата и обврските на двете страни.

6.1 Работодавачот склучува Договор за вработување со избраните лица

По склучувањето на договорите помеѓу центрите за вработување и работодавачите, работодавачите склучуваат договор за вработување со лицата, во кои се утврдуваат правата и обврските на двете страни.

7.1 Исплата на субвенција

Исплатата на субвенцијата се врши по истекот на секој месец врз основа на пополнет образец од страна на работодавачот за секој месец одделно.

## 5. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ

| | Активности | Надлежна институција | Период на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Формирање на Проектен одбор за разгледување на доставените барања и избор на програми врз основа на утврдени критериуми за селекција и носење на одлука | АВРМ | До крајот на мај |
| 2. | Јавен оглас до заинтересирани единици на локална самоуправа и Градот Скопје | АВРМ | Од 01 јуни до 10 јуни |
| 3. | Доставување на пријава со пропратна документација до АВРМ -ЦВ | ЕЛС и АВРМ | Од 01 до 10 јуни |
| 4. | Доставување на пријава со пропратна документација од ЦВ до АВРМ | АВРМ | Од 11 до 15 јуни |
| 5. | Оценка и подготовка на ранг листа според утврдени критериуми И носење одлука | Проектен одбор | Од 15 до 25 јуни |
| 6. | Известување на ЕЛС односно Градот Скопје за избрани програми и склучување на трипартитен договор за правата и обврските помеѓу невработените лица, ЕЛС и центрите за вработување | АВРМ | Од 26 ти јуни до 30 јуни |
| 7 | Реализација на јавните работи | | од јули до крај на декември |
| 8. | Доставување на месечни извештаи на унифицирани обрасци до АВРМ- ЦВ | ЕЛС односно Градот Скопје | До 5 ти во месецот за претходниот месец |
| 9. | Мониторинг за реализација на Јавните работи од страна на Надзорниот одбор | Надзорен одбор и АВРМ | Континуирано |

**Опис на активностите**

1.1 Формирање на Проектен одбор за разгледување на доставените барања и избор на програми врз основа на утврдени критериуми за селекција.и носење на одлука.

АВРМ доставува барање до ЗЕЛС, МЛС, МТСП, Кабинетот на потпредседателот на Владата на Република Македонија за економски прашања за номинирање на членови и заменик членови во Проектниот одбор.

2.1 Јавен оглас до заинтересирани единици на локална самоуправа и Градот Скопје
АВРМ објавува јавен оглас во печатените и електронски медиуми до заинтересираните единици на локалната самоуправа и градот Скопје за изведување на јавни работи. Во огласот се наведуваат условите и критериумите за реализација на проектот утврдени и пропишани од страна на проектниот одбор.
3.1 Доставување на пријава со пропратна документација (изготвена и одобрена од проектниот одбор) до АВРМ -ЦВ
Пополнетите Пријави ЕЛС со пропратната документација ги доставува до АВРМ -ЦВ.

4.1 Доставување на пријава со пропратна документација од ЦВ до АВРМ
Центрите за вработување доставените пријави од ЕЛС со пропратната документација ги доставуваат до АВРМ –Централна служба

5.1 Оценка и подготовка на ранг листа според утврдени критериуми и носење на одлука
Проектниот одбор ги разгледува доставените барања, подготвува ранг листа на програмите доставени од единиците на локалната самоуправа кај кои може да се изведуваат јавни работи, врши избор на програми и подготвува унифицирани обрасци за известување. Проектниот одбор унифицираните обрасци ги доставува до сите единици на локалната самоуправа, односно Градот Скопје кај кои ќе се реализираат јавните работи. Во обрасците се наведени податоците кои редовно треба да се доставуваат до АВРМ- ЦВ.

6.1 Известување на ЕЛС односно Градот Скопје за избрани програми и склучување на трипартитен договор за правата и обврските помеѓу невработените лица, ЕЛС и центрите за вработување
АВРМ ги известува Единиците на локална самоуправа односно градот Скопје за избраните програми и склучува трипартитен договор за правата и обврските помеѓу невработените лица, ЕЛС и центрите за вработување.

7.1 Реализација на јавните работи
Јавните работи може да се реализираат во периодот од јули залкучно со месец декември 2009 година.
8.1 Доставување на месечни извештаи на унифицирани обрасци до АВРМ- ЦВ
Врз основа на предходно подготвени унифицирани обрасци, ЕЛС доставува месечни извештаи до АВРМ -ЦВ до петти во месецот од предходниот месец.

9.1 Мониторинг за реализација на Јавните работи од страна на Надзорниот одбор
АВРМ доставува барање до МЛС, МТСП, ЗЕЛС и МФ за номинирање на членови и заменици членови за Надзорниот одбор.

## 6. ПРАКТИКАНТСТВО КАКО ПОДДРШКА ЗА ПРВО ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ ЛИЦА ДО 27 ГОДИНИ И МЛАДИ ЛИЦА ВО ЗАВРШНА ФАЗА НА СТУДИИ

| | **Активност** | **Надлежна институција** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| **1** | Оперативни упатства | АВРМ | февруари 2009 |
| **2** | Распишување на јавен оглас до заинтересирани кандидати и работодавачи и прием на апликации | АВРМ<br>центри за вработување | февруари 2009 |
| **3** | Селекција од пријавените кандидати и заинтересирани работодавачи | АВРМ<br>центри за вработување | март 2009 |
| **4** | Интервју со кандидатите и поврзување (упатување на кандидатите) со работодавачи | центри за вработување и работодавачи | март – април 2009 |
| **5** | Избор од страна на работодавачите | работодавачи | март -април 2009 |
| **6** | Потпишување на договор меѓу работодавачите, кандидатите и центрите за вработување | центри за вработување, работодавачи и кандидати | април 2009 |
| **7** | Покривање на трошоците во рамките на мерката | МТСП,АВРМ и донации од други институции | До крајот на октомври 2009 |

**Опис на активностите**

1.1 Оперативни упатства
Изготвување на Оперативни упатства што ќе вклучуваат: јавен оглас, работен план, обрасци за пријавување, критериуми за селекција, табели за селекција и тим за мониторинг

2.1 Распишување на јавен оглас до заинтересирани кандидати и работодавачи и прием на апликации
Повик на заинтересирани кандидати и работодавачи за аплицирање во Програмата; организирање на ТВ презентации за промоција на

Програмата, прием на апликации со заинтересираните кандидати и работодавачи според утврдените критериуми, информирање на кандидатите за основните услови за учество во Програмата;информирање на работодавачите за условите за учество во Програмата

3.1 Селекција на пријавените кандидати и работодавачи.
Центрите за вработување изработуваат листа на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите и критериумите, како и листа на пријавени работодавачи.

4.1 Интервју со кандидатите и поврзување (упатување на кандидатите) со работодавачите .
Одговорните лица во центрите за вработување вршат интервју со пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите и ги упатуваат кон заинтересираните работодавачи.

5.1 Избор од страна на работодавачите
Работодавачот врши избор од предложените кандидати по извршено интервју со истите и го известува центарот за вработување за изборот.

6.1 Потпишување на договор меѓу работодавачите, кандидатите и центрите за вработување. центрите за вработување, работодавачот и кандидатите потпишуваат договор за ангажирање на невработеното лице како практикант за период од 3 месеци. По завршувањето на практикантството, работодавачот му издава на практикантот потврда за практичната обука со опис на работните задачи кои лицето ги обавувало.

7.1 Покривање на трошоците во рамките на мерката
Центрите за вработување вршат редовна исплата на финансиските средства на лицата вклучени во оваа мерка за нивното ангажирање на месечна основа.

**Планирани активности за реализација на мерката 6 целна група студенти во завршна фаза на студии**.

| | **Активност** | **Надлежна институција** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| **1** | Јавен оглас до заинтересирани студенти за пријава и учество во програмата за практикантска работа и вработување на порталот за практикантска работа и вработување. | УСАИД, Универзитети, Стопански комори и работодавачи | континуирано |
| **2** | Воспоставување на база на податоци на заинтересирани студенти за практична работа | УСАИД | континуирано |
| **3** | Дефинирање на права и обврски на работодавачи кај што се дефинираат правата и обврските за време на организирање на практична работа | УСАИД | Февруари 2009 |
| **4** | Дефинирање на права и обврски на студенти кај што се дефинираат | УСАИД | Февруари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | правата и обврските за време на организирање на практична работа | | 2009 |

## 7 . ПИЛОТ-АНКЕТА ЗА СЛОБОДНИ РАБОТНИ МЕСТА

| | **Активност** | **Надлежна институција** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| **1** | Подготовка на критериуми за селекција на анкетари | УСАИД | Февруари 2009 |
| **2** | Подготовка на прашалник за анкетирање и упатство за вршење на анкета | УСАИД | Март 2009 |
| **3** | Спроведување на анкета | Местото на цалл-центарот ќе се определи во месец март 2009 година | април – декември 2009 |

**Опис на активностите**
1.1 Подготовка на критериуми за селекција на анкетари
Изготвување на Оперативни упатства што ќе вклучуваат: јавен оглас, работен план, обрасци за пријавување, информативни листови,веб страница или служби за посредување, критериуми за селекција, табели за селекција, тим за мониторинг итн.; дефинирање на региони и општини според критериумите утврдени во Оперативното упатство.

2.1 Подготовка на прашалник за анкетирање и упатство за вршење на анкета

3.1 Спроведување на анкета
Изборот на анкетари ќе се врши од евиденцијата на невработени лица од АВРМ.

## 8 . ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИ- ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Активностите и описот на истите ќе се дефинира по извршената проценка на состојбите и можните модели за воспоставување на програмата од страна на УНДП.

## 9. ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РОМИ

| | **Активност** | **Надлежна институција** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|
| **1** | Објавување на јавен оглас за заинтересирани работодавачи за вработување на Роми | АВРМ | Прва половина на Април-прв јавен оглас<br>Прва половина на Септември-втор јавен оглас |
| **2** | Информирање на работодавачите за условите и критериумите во врска со спроведување на програмата. | центрите за вработување и РИЦ и НВО | Пред и за време на јавниот оглас |
| **3** | Избор на пријавените работодавачи | МТСП и АВРМ | Втора половина на Април<br>Втора половина на Септември |
| **4** | Доставување на листа на евидентирани невработени Роми на избраните работодавачи | центрите за вработување | Втора половина на Април<br>Втора половина на Септември |
| **5** | Потпишување на изјава од страна на Ромите за согласност за вклучување во обука | Невработени Роми | Втора половина на Април<br>Втора половина на Септември |
| **6** | Потпишување на договор за изведување на обуката помеѓу МТСП, АВРМ и работодавачот | Работодавачи, МТСП и АВРМ | Втора половина на Април<br>Втора половина на Септември |
| **7** | Реализација на обуката и следење на истата | Работодавачи и лица кои ја посетуваат обуката, МТСП и АВРМ | Мај-јуни-јули<br>Октомври-ноември-декември |
| **8** | Потпишување на договор за вработување помеѓу работодавачите и невработените лица кои успешно ја завршиле обуката | Работодавачи и лицата кои успешно ја завршиле обуката | По завршување на обуката |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9** | Исплата на средствата на работодавачите | МТСП | Тековно/месечно |

**Опис на активностите**

1.1 Објавување на јавен оглас за заинтересирани работодавачи

АВРМ објавува јавен оглас во првата половина на април и првата половина на септември за заинтересирани работодавачи кои имаат интерес за организирање на подготовка за вработување (обука) за вработување на евидентирани невработени Роми.

2.1 Информирање на работодавачите за условите и критериумите во врска со спроведување на програмата

Центрите за вработување во соработка со ромските информативни центри и невладини организации ги информираат работодавачите за условите и критериумите за организирање на обуката и вработување на лицата по завршување на истата.

3.1 Избор на пријавените работодавачи

4.1 Доставување на листа на евидентирани невработени Роми на пријавените работодавачи

Центрите за вработување доставуваат листа на евидентирани невработени Роми до работодавачите кои покажале интерес за вработување на Роми.

5.1 Потпишување на изјава од страна на избраните невработени Роми за посета на обука

Невработените Роми кои ќе се упатат на обука кај работодавачите потпишуваат изјава за согласност за вклучување во обука согласно утврдените услови и критериуми.

6.1 Потпишување на договор помеѓу МТСП, АВРМ и работодавачот.

Се потпишува трипартитен договор помеѓу МТСП, АВРМ и работодавачите.

7.1 Реализација на обуката и следење на истата

За време на реализација на обуката претставници на МТСП и АВРМ ја следат реализацијата на обуката од аспект на посетеноста и евентуалните проблеми во текот на спроведување на истата.

8.1 Потпишување на договор за вработување помеѓу работодавачите и невработените лица кои успешно ја завршиле обуката

Работодавачите потпишуваат договор за вработување со лицата кои успешно ја завршиле обуката.

9.1 Исплата на средства за поддршка на мерката ( за работодавачи и невработени лица за времетраење на обуката )

МТСП редовно ги исплаќа средствата за обука на месечна основа.

**АНЕКС бр. 2**

**Потребни средства за 2009 година**

| 1. Програма за самовработување | | | |
|---|---|---|---|
| Опис | Износ (во денари) | Бр на лица | Вкупно денари |
| Основна обука за водење бизнис | 2,297.00 | 900 | 2,067,300.00 |
| Ваучер систем за изработка на бизнис план | 11,600.00 | 650 | 7,540,000.00 |
| Регистрација на фирма | 3,000.00 | 600 | 1,800,000.00 |
| Поддршка со неповратни финансиски средства за набавка на опрема, репроматеријали и други средства неопходно за започнување на бизнисот | 185,000.00 | 600 | 111,000,000.00 |
| Вкупно по лице | 201,897.00 | | |
| Вкупно за 600 лица | | | |
| Административни трошоци | | | 5,133,000.00 |
| **Вкупно** | | | **127,540,300.00** |
| Буџет на МТСП кон УНДП | | | 127,540,300.00 |
| **Вкупно обезбедени** | | | **127,540,300.00** |

| 2.ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА ЗА ФОРМАЛИЗИРАЊЕ НА ПОСТОЈНИ БИЗНИСИ | | | |
|---|---|---|---|
| Опис | Износ (во денари) | број на лица | Вкупно денари |
| Основна обука за водење бизнис | | | |
| Ваучер систем за изработка на бизнис план | | | |
| Регистрација на фирма | 3,000.00 | 250 | 750,000.00 |
| Поддршка со неповратни финансиски средства за набавка на опрема, репроматеријали и други средства неопходни за започнување на бизнисот - | 185,000.00 | 250 | 46,250,000.00 |
| Вкупно по лице | 188,000.00 | | |
| **Вкупно** | | | **47,000,000.00** |
| Буџет на МТСП – Кон УНДП | | | 47,000,000.00 |
| **Вкупно обезбедени** | | | **47,000,000.00** |

## 3. ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| 3 | Програми за подготовка за вработување | Износ (во денари) | Период/ месеци | Бр на лица | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Обука, преквалификација или доквалификација за познат работодавач | | | | |
| | Трошоци за работодавачот | 3,000.00 | | | |
| | Парична помош за невработеното лице | 4,400.00 | | | |
| | **Вкупно за 3000 лица** | 7,400.00 | 3 | 512 | **11,366,400,00** |
| 3.2 | Обуки во работни клубови за стекнување на знаења и вештини за странски јазик и компјутери | | | 2000 | **2,000,000.00** |
| 3.3 | Обука за одделни занимања кои се дефицитарни на пазарот на труд | | | | |
| | Вкупно по лице | 40,000.00 | | | 4,800,000,00 |
| | Надоместок за храна и превоз | 4000.00 | 3 | 120 | 1440,000.00 |
| | **Вкупно 3,3** | | | | **6,240,000.00** |
| 3.4.1 | Едукација за започнување на бизнис | | | 1000 | **600,000.00** |
| 3.4.2 | Едукација за започнување на бизнис-општина Гази Баба | | | 60 | **1,340,160.00** |
| **Вкупно** | | | | **3,692** | **21,546,560.00** |
| Буџет на АВРМ<br>Буџет на АВРМ - потсметка за активни мерки и политики за вработување<br>Центар за развој на претприемачи и менаџери – ЦЕЕД Македонија (172.800,00 денари)<br>Фондација Претприемачки Сервис за Млади (ПСМ)(495.360,00денари)<br>УСАИД Проект за локален развој (576.000,00денари)<br>Општина Гази Баба(96.000,00денари) | | | | | **13,966,400.00**<br>**6,240,000.00**<br><br>**1,340,160.00** |
| **Вкупно обезбедени** | | | | | **21,546,560.00** |

## 4. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ

4.1 Субвенционирање на вработување на деца без родители

4.2 Субвенционирање на вработување на инвалидни лица

4.3 Субвенционирање на вработување на самохрани родители, млади самохрани родители до 27 годишна возраст, брачни парови со 3 или повеќе деца и родители на деца со посебни потреби

4.4 Субвенционирање на вработување на постари лица (од 55 до 64 години)

4.5 Субвенционирање на млади лица до 27 годишна возраст

| 4 | Потребни средства | Износ (во денари) | Опфат /лица | Период/месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Деца без родители | | | | |
| | плата | 22,500.00 | 8 | 6 | **1.080.000,00** |
| | Вкупно 4.1 | 1.080.000,00 | | | |
| 4.2 | Инвалидни лица | | 200 | | |
| | Вкупно 4.2 | | | | **165,825,000.00** |
| 4.3 | Самохрани родители, млади родители до 27 годишна возраст и родители со деца со посебни потреби | | | | |
| | плата ( самохрани родители ) | 22,500.00 | 72 | 6 | |
| | плата ( самохрани росители со 3 или повеќе деца ) | 22,500.00 | 20 | 6 | |
| | плата ( млади родители до 27 годишна возраст ) | 22,500.00 | 60 | 6 | |
| | Плата ( брачни парови со 3 или повеќе деца ) | 22,500.00 | 30 | 6 | |
| | плата ( деца со посебни потреби ) | 22,500.00 | 40 | 6 | |
| | Вкупно 4.3 | | | | **29.970.000,00** |
| 4.4 | Постари лица од 55 до 64 години | | | | |
| | плата | 22,500.00 | | | |
| | Вкупно 4.4 | | 629 | 6 | **84.915.000,00** |
| 4.5 | Млади лица до 27 годишна возраст и лица на кои работниот однос им престанал по основ на стечај, ликвидација или технолоќки вишок и жртви на семејно насилство | 16,000.00 | 571 | 6 | **54.816.000,00** |
| | **( 50 лица од 2008)** | **200,000.00** | **50** | 12 | **2,400.000.00** |
| | | | | | |
| | **Вкупно за 4** | | **1680** | | **339,006,000.00** |
| **Вкупно** | | | | | **339,006,000.00** |
| Буџет на МТСП | | | | | **82,675,700.00** |
| Буџет на АВРМ - потсметка за активни мерки и политики за вработување | | | | | **35,290,300.00** |
| Буџет на АВРМ - потсметка за Посебен фонд | | | | | **165,825,000.00** |
| Буџет на АВРМ | | | | | **55,215,000.00** |
| **Вкупно обезбедени** | | | | | **339,006,000.00** |

## 5. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Финансиска поддршка на лицата | 7,600.00 | 6 | 5,000 | 228,980,000.00 |
| Буџет на МТСП кон АВРМ | | | | 200,000,000.00 |
| **Буџет на АВРМ-потсметка за активни и мерки и политики за вработување** | | | | **28,980,000.00** |
| **Буџет на единици за локална самоуправа** | | | | |
| **Вкупно** | | | 5,000 | **228,980,000.00** |
| **Вкупно обезбедени** | | | | **228,980,000.00** |

## 6. ПРАКТИКАНТСТВО КАКО ПОДДРШКА ЗА ПРВО ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ ЛИЦА ДО 27 ГОДИНИ И СТУДЕНТИ ВО ЗАВРШНА ФАЗА НА СТУДИИ

| Опис | Износ (во денари) | Бр .на месеци | број на лица | Вкупно денари |
|---|---|---|---|---|
| Финансиска поддршка на лицата до 27 години | 5,000.00 | 3 | 150 | 2,250,000.00 |
| Финансиска поддршка на студенти | **22,500.00** | | 500 | **11,250,000.00** |
| АВРМ- Потсметка за активни п мерки и политики за вработување | | | | **2,250,000.00** |
| **УСАИД** | | | | **11,250,000.00** |
| **Вкупно** | | | 650 | **13,500,000.00** |
| **Вкупно обезбедени** | | | | **13,500,000.00** |

## 7. ПИЛОТ АНКЕТА НА СЛОБОДНИ РАБОТНИ МЕСТА

| Опис | Бр .на месеци | број на лица | Вкупно денари |
|---|---|---|---|
| Финансиска поддршка на лицата | 1 | 90 | 360,000.00 |
| Буџет на УСАИД | | | **370,000.00** |
| **Вкупно** | | 90 | **730,000.00** |
| **Вкупно обезбедени** | | | **730,000.00** |

## 8. ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИ-ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

| Опис | Бр .на месеци | број на лица | Вкупно денари |
|---|---|---|---|
| Финансиска поддршка | | | 35,000,000.00 |
| Буџет на УНДП | | | 35,000,000.00 |
| **Вкупно** | | | 35,000,000.00 |
| **Вкупно обезбедени** | | | **35,000,000.00** |

## 9. ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РОМИ

| Опис | Бр .на месеци | број на лица | Вкупно денари |
|---|---|---|---|
| Финансиска поддршка на невработени роми | 3 | 200 | 4,800,000.00 |
| Буџет на МТСП | | | 4,800,000.00 |
| **Вкупно** | | 200 | 4,800,000.00 |
| **Вкупно обезбедени** | | | **4,800,000.00** |